Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна Општинска Установа за деца
Детска градинка
Ente publik-Çerdhja komunale për fëmijë
"8-Март" "8-Marsi"
Бр 03-92/1
Nr
06.06.2024
Струга-Struge

До
Општина Струга
Совет на Општина Струга

Предмет : Барање на согласност за работа на групи со помал број на деца и согласност за поголем број на деца од законски дозволениот број на деца во ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга

Почитувани,

Врз основа на чл. 64 ст. 5 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М." бр. 23/13, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19) и чл.16 од Статутот на Установата, ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга бара Согласност од Советот на Општина Струга за работа на групи со помал број на деца и согласност за поголем број на деца од законски дозволениот број на деца во ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга.

Јавната детска градинка запишува и прима деца врз основа на барањата преку цела година.

Ако во детската градинка има пријавено поголем број на деца кој го надминува капацитетот отколку што има слободни места, приемот го врши Комисијата за прием на деца именувана од директорот.

Од таа причина од Ваша страна бараме согласност за работа на групи во зависност од возраста на децата, должината на престојот со поголем или помал број на деца од законски дозволениот број на деца.

Во зависност од возраста на децата се делат на хомогени групи или хетерогени групи, а од Совет на Општина Струга бараме согласност за работа на групи со помал број на деца и согласност за поголем број на деца од законски дозволениот број на деца над стандардите и нормативите и тоа:

1. ХОМОГЕНИ ГРУПИ
   - ❖ група до 12 месеци над 8 деца.
   - ❖ група од 12 месеци до 18 месеци над 10 деца.
   - ❖ група од 18-месеци до 2(две) години над 12 деца.
   - ❖ група од 2-3 години над 15 деца.
   - ❖ група од 3-4 години над 18 деца.
   - ❖ група од 4-5 деца над 20 деца.
   - ❖ Група од 5-6 деца над 25 деца.
2. ХЕТЕРОГЕНА ГРУПА
   - ❖ група до 2 години над 12 деца.
   - ❖ група до 2 години до поагање во основно училиште над 20 деца.

Во зависност од возраста на децата може да се вклучи едно дете со развојни потешкотии,во кој случај бројот на деца се намалува за две деца во групата.

Во сите групи во ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга има зголемен број на деца според стандарите и нормативите за вршење на дејноста бројот на децата во секоја група треба да се зголеми во реални можности според критериумите и капацитетот на објектот, но и според потребата на родителите.

Со почит,

ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга
В.Д. Директор

Сања Колеска Србоска

Република Северна Македонија Јавна Општинска Установа за деца-Детска градинка Ente publik-Çerdhja komunale për fëmijë "8-Март" "8-Marsi" Струга-Struge Republika e Maqedonisë së Veriut